**20252214319**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 63 став (6) од Законот за рамномерен регионален развој (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.24/21, 174/21 и 241/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 октомври 2025 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОБЛИСКИ КРИТЕРИУМИ ЗА ПРОЦЕНКАТА ЗА ЗНАЧЕЊЕТО НА ПООДДЕЛНИТЕ ПРОГРАМИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ДИСПАРИТЕТИТЕ ВО РАЗВОЈОТ МЕЃУ И ВО ПЛАНСКИТЕ РЕГИОНИ

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат поблиските критериуми за проценката за значењето на поодделните програми на министерствата и другите органи на државната управа кои се од значење за рамномерниот регионален развој за намалување на диспаритетите во развојот меѓу и во планските региони.

Член 2

Проценката на значењето на поодделните програми од член 1 од оваа одлука се врши врз основа на најмалку еден од следните поблиски критериуми:

- зајакнување на регионален економски раст и конкурентност;
- поддршка на регионалниот инфраструктурен развој и поврзаност;
- развој на човечки капитал и регионален пазар на труд;
- подобрување на социјалните и јавните услуги на регионално ниво;
- зајакнување на земјоделски и рурален развој во регионите;
- заштита на животната средина и одржливост (вклучувајќи кружна економија);
- поддршка на регионален демографски развој и квалитет на живот;
- дигитална трансформација на регионално ниво;
- регионален културен развој и туризам;
- родова еднаквост и социјална инклузија во регионите;
- зајакнување на регионалниот институционален капацитет и регионална соработка;
- стимулација на иновации и истражување на регионално ниво;
- поддршка за просторно планирање и контрола на просторниот развој или
- унапредување на институционалните и административни капацитети за регионален развој.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-7839/8
28 октомври 2025 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.